МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС>>

# МЦМС е-Билтен

Јануари 2014
БРОЈ 150

## Односите со Бугарија – истражување

МЦМС и Институтот за демократија (ИДСЦС) го објавија третиот дел од истражувањето „Глобално водство, соседство и односи со Бугарија“ во кој се испитувани ставовите на граѓаните за односите на Македонија со Бугарија.

Историјата (30%) и нејзиното толкување (20,9%), според граѓаните се најголема пречка за поинтен-зивна соработка меѓу Македонија и Бугарија, а потоа и националните политичари (12%) поради нивни партиски интереси. За јавните и информирани личности пречка е и лошата инфраструктурна поврзаност, а за етничките Албанци од значење се и културните разлики (21,5 %).

За 87,8 % од испитаниците е важно да се подобрат односите/ соработката меѓу Македонија и Бугарија за што е потребна соработка во културата, забавата и спортот (32,8 %), подобрување на инфраструктурата и граничните премини (18,5 %) и пристап до медиумите на двете држави (12,4 %), заеднички учебници по историја (10,6 %), прослава на заеднички настани и херои (6,5 %), додека скоро секој петти граѓанин (19,2 %) не знае или е без одговор.

Граѓаните немаат перцепција за заеднички историски личности. Граѓаните ги сметаат како македонски повеќето личности за кои Бугарија исто така смета дека се дел од нивното историско наследство како Св. Кирил и Методиј (83,3% сметаат дека се македонски), Св. Климент (87,1%), Гоце Делчев (88%), Јане Сандански (81,6%) итн. Јавните и информирани личности како заеднички ги перципираат Св. Кирил и Методиј (73 %) и Цар Самоил (47 %).

Големо мнозинство (74,7 %) граѓани поддржува реципрочно решавање со договорот за добрососедство на прашањето за соодветните малцинства во Македонија и во Бугарија.

Постигнувањето на договор за добрососедство е од голема важност за граѓаните (85,4%) и посакуваат тој брзо (за една година) да се постигне, но сепак очекуваат дека тоа ќе се случи на среден рок (две до пет години). Големо мнозинство од граѓаните на Македонија (87,5 %) очекуваат Бугарија да ја поддржи Македонија во натамошните интеграции во ЕУ.

Испитувањето на јавното мислење направено преку теренска анкета во периодот 15 ноември – 1 декември 2013 г на репрезентативен примерок од 1.000 испитаници со +/- 3 % грешка. Анкетата ја спроведе М-проспект, чија одговорност беше и нејзината методолошка исправност.

## Дебата за односите на Македонија со соседите и спорот за името




МЦМС и ИДСЦС на 16 јануари 2014 г. во Скопје организираа јавна дебата „Односите на Република Македонија со соседите и спорот за името“. Над 100 учесници на дебатата имаа можност да ги слушнат ставовите на Никола Попоски, министер за надворешни работи на РМ, Антонио Милошоски, пратеник во Собранието на РМ, Стево Пендароски, универзитетски професор и претседател на Советот за безбедност и НАТО интеграции во СДСМ, Ризван Сулејмани, универзитетски професор и Сашо Клековски, аналитичар, кој е и автор на извештаите од истражувањата на двете теми.

На почетокот, Клековски ги изнесе резултатите од истражувањата за „Спорот за името 2013“ и „Глобалното водство, соседство и односите со Бугарија 2013“.

Министерот Попоски, укажа дека Македонија има добри односи со Грција на економски план, што оди во прилог на општите односи меѓу двете земји и членството на Македонија во ЕУ ќе има економско влијание и ќе ги релаксира билатералните односи. Во однос на решението тој смета дека е потребно да се води сметка за резолуциите на Советот за безбедност, времената спогодба и пресудата на Меѓународниот суд на правдата и да не го загрози националните параметри, а да биде поддржано на референдум.

Професорот Стево Пендаровски, го потенцираше недостатокот на широк партиски и етнички консензус во однос на македонската надворешна политика, а со тоа и за важно прашање како што е името. Пендаровски посочи и повеќе примери за постигнување консензус во соседните земји за битни прашања. Понатаму, во однос на името, тој смета дека е очигледно дека спорот не може да се реши билатерално, и затоа е потребен стратешки спонзор, како САД или Германија, денешните столбови на меѓународната/ европската политика.

Професорот Ризван Сулејмани посочи дека наодите од анкетата за спорот за името, покажуваат дека прашањето преминало од фаза на разумно резонирање во фаза на толпа, која говори со страв. Според него се покажува дека денес меѓународното право не вреди многу, така што е потребна друга стратегија за решавање на спорот за името. Меѓутоа, Сулејмани смета, дека јавното мислење во земјата за името следи два колосека – либералниот или левичарскиот и конзервативниот или националистичкиот, а запраша и каде се Албанците во ова прашање. Додаде дека припадниците и на двата колосека се сложуваат дека има ризик од ситуацијата, но нема решение.

Пратеникот Антонио Милошоски, говореше за тоа дека со години расте бројот на граѓани кои се против спорот за името, за што најголем виновник е пристапот на Грција. За него, колку притисокот од Грција е поголем, толку македонските граѓани стануваат поотпорни кон тие агресивни и долгорочни притисоци. Понатаму, тој додаде дека Грција има различен однос од Македонија кон спорот со името, Грција го применува аргументот на силата, додека Македонија го применува аргументот на правото. Тој смета дека разговорите меѓу Македонија и Грција треба да се замрзнат и истите да продолжат во оној момент кога Грција официјално ќе се изјасни за пресудата од Меѓународниот суд на правдата во Хаг.

Дискусиите на учесниците беа фокусирани на интересите и придобивките од членството во ЕУ како за црвената линија, односно кое е прифатливо решение за спорот за името од македонска страна.

Дебатата, како и резултатите од испитувањата на јавното мислење за овие две теми е во насока на водење информирана јавна дебата за предизвиците на Македонија во натамошните евроатлантски интеграции.

### Спорот за името 2013 – анкета на јавно мислење

Во пораст е ставот против каква било промена на името. Мнозинството граѓани (62,4 %) се против каква било промена на името, а за 70,3 % од нив не е прифатлива ниту една географска одредница.

За разлика од приближувањето на ставовите меѓу етничките Македонци и етничките Албанци во 2011 г. сега постои одредено оддалечување кое е највидливо во ставовите за „зачувување на името“ наспроти „евроатлантските интеграции“. При избор од тие два приоритети 64,9 % од етничките Македонци би избрале зачувување на името, а 68 % етнички Албанци би избрале евроатлантски интеграции.

Идентитетот е клучен фактор во спорот, и 53,8 % од граѓаните како главна пречка за решавање на спорот го гледаат неприфаќањето на Грција на реалноста за постоење на Македонија, Македонци и македонски јазик, а за 32,9 % од граѓаните главна закана е дека и ако се реши спорот за името Грција ќе бара нови отстапки во идентитетот и јазикот.

Граѓаните согледуваат потреба за градење на широк договор, а најодговорена за тоа е Владата на Македонија. Мнозинство граѓани (66,3 %) поддржува референдум за договор за името.

Во случај на нерешавање на спорот како главни закани се доживуваат застој во евроатлантските интеграции (32,3%), економски застој (26,1%) и влошување на меѓуетничките односи (23,7%). Во случај на решение за спорот за името, како главни закани се доживуваат грчките барања за нови отстапки во идентитетот (32,9%), раскол и тензии на предавници и патриоти (20%), и дека ЕУ нема да ја прими Македонија поради застој во проширувањето (12,8%). За договор потребно е вклучување на премиерите на двете земји и на трета страна како САД, ЕУ и Германија.

## Економски активности: Вршење дејност од граѓанска организација

МЦМС кон крајот на минатата година го издаде прирачникот „Економски активности: Вршење дејност од граѓанска организација“ кој им е наменет за граѓанските организации кои се занимаваат или пак сакаат да започнат да се занимаваат со економски активности. Со прирачникот се појаснуваат можностите за вршење економски активности и други прашања поврзани со нив и се поттикнуваат граѓанските организации да се занимаваат со економски активности.

Прирачникот има две целини. Во првата се дадени кратки одговори на триесетина клучни прашања поврзани со вршењето дејност со која се остваруваат приходи за граѓанските организации. Вториот дел содржи подетални информации за сметководствените политики и други прашања релевантни за организацијата што се занимава со економски активности согласно ЗЗФ.

Прирачникот „Економски активности: Вршење дејност од граѓанска организација“ е подготвен од страна на МЦМС во рамките на проектот „Овозможувачка правна рамка“. Целта на проектот е создавање овозможувачка околина за ефективно функционирање на граѓанските организации. МЦМС го спроведува проектот во партнерство со Европскиот центар за непрофитно право (ЕЦНЛ), поддржан од Агенцијата за меѓународен развој на САД (УСАИД) и Шведската агенција за меѓународна развојна соработка (СИДА).

Ова е втора публикација на МЦМС на оваа тема, првата „Економски активности на граѓанските организации - компаративен преглед“ беше издадена во 2007 година со поддршка на Европската Унија. МЦМС и ЕЦНЛ постојано ги промовираат можностите за вршење економски активности за ГО кои произлегуваат од донесувањето на новиот ЗЗФ.




# Со помош на Форумите во заедниците Василево и Босилово добија нови машини

Заврши форумскиот процес во општините Василево и Босилово. Повеќе од 100 граѓани дојдоа на последната сесија што се одржа на 28 јануари 2014 година во Босилово, да слушнат и уште поважно, да ги видат резултатите од спроведениот проект за кој тие гласаа пред речиси една година. Во дворот на основното училиште „Гоце Делчев“ во Босилово, беа паркирани двете нови машини со кои се обновува возниот парк на комуналните претпријатија на двете општини. Механизација за јавни комунални претпријатија. Машините ќе служат за чистење на каналите за атмосферски води, за санирање на водоводните дефекти, за чистење снег итн. Со нив ќе бидат превенирани поплавите, а на тој начин ќе се одбегнат големите материјални штети, ќе се заштити почвата и ќе се обезбедат квалитетни земјоделски производи. Клучевите од двете возила, на двајцата градоначалници им ги предаде Стефано Лазарото, амбасадорот на Швајцарија во Република Македонија.



*Двете машини ќе ја олеснат работата на комуналните претпријатија и животот на граѓаните*

„Учеството во носењето одлуки на локално ниво не е лесен процес“, рече во своето обраќање Лазарото. „Како Швајцарец знам колку тој процес бара од граѓаните, бара време, бара посветеност. Затоа сакам да им честитам на граѓаните за успешното завршување на форумот, но и на градоначалниците за нивната решеност на овој начин, преку консултации со граѓаните да ги носат одлуките“. Лазарото изрази надеж дека и по завршувањето на форумот ќе продолжат консултациите меѓу граѓаните и локалната самоуправа.

Набавката на механизацијата чинеше вкупно 7.316.000 денари од кои 3.400.000 беа обезбедени од Швајцарската агенција за развој и соработка, 3.400.000 се општински средства, а двете комунални претпријатија заедно инвестираа 516.000 денари.

„Ова беше едно позитивно искуство и мило ми е што дел од моето време го посветив на присуството на форумите и работилниците. Добро е кога на крајот ќе се видат резултатите од работата, тоа ви дава сила да продолжите понатаму. А, за нас, понатаму би биле слични вакви процеси во кои пак заедно ќе одлучуваме, затоа што ние граѓаните, најдобро знаеме што е најприоритетно за нас“, изјави Марјанчо Трајков од Василево. Задоволството не го криеше ни Катерина Пандева од Босилово. „Се чувствувам горда затоа што бев дел од работилниците и учествував во подготовката на концептите и проектите. Убедена сум, а тоа го потврдуваат и реакциите на моите сограѓани, дека го направивме вистинскиот избор. Верувам дека оваа пролет нема да се соочиме со лошите слики од поплавите и дека тоа сега ќе биде зад нас. Форумот беше интересно искуство. Имајќи ги предвид заложбите на градоначалниците, се надевам дека ваквите консултации со граѓаните ќе продолжат, а јас сакам да бидам дел од нив“, рече таа.

На сесијата беше презентирана и информација за преземените активности во однос на препораките за приоритетните потреби и проблеми дадени од страна на граѓаните до општината, од која можеше да се заклучи дека добар дел од нив веќе се реализирани или се во тек на реализација.

# Жените стекнаа квалификации за повеќе занимања

Во јануари оваа година МЦМС продолжи со обуките за жените учеснички на програмата Оспособување на малцинските жени погодени од конфликтот.

Седумнаесет жени од тетовскиот и скопскиот регион ги завршија курсевите за кроење и шиење. Курсевите за тетовскиот регион ги спроведе фабриката за конфекција „Лијотекс“ – Вратница, а за скопскиот регион Универзитетот „Кочо Рацин“ – Скопје. Жените се здобија со вештини за самостојно кроење и шиење текстилни материјали, а покажаа и интерес за понатамошно учење и за учество во тримесечната обука низ работа, за да го практикуваат тоа што го научиле изминатите месеци.

Обуката низ работа за администрација, угостителство, фризерство, шиење и продажба успешно ја завршија 59 жени. Во истиот период уште шест учеснички од кумановскиот регион стекнаа вештини за електронско сметководство, на курсот кој го испорача образовниот центар „Визија“ – Куманово.

Заедно со нив, вкупно 92 жени стекнуваа практично искуство за повеќе занимања. Дел од нив беа задржани во работен однос од страна на претпријатијата.

Со курсеви за фризерство, електронско сметководство и за возачка дозвола, во јануари 2014 г. започнаа уште 25 жени.

Жените кои учествуваат во курсевите за занимања се избрани според социјално-економската состојба на нивното домаќинство, а во согласност со нивните интереси, претходни знаења и потребите на пазарот.



*Освен што стекнаа вештини за кроење и шиење, учесничките изразија желба да го практикуваат посетувајќи обука низ работа*

Проектот „Оспособување на малцинските жени погодени од конфликтот“ е финансиран од Европската Унија во рамките на 4-та компонента на Инструментот за претпристапна помош (ИПА), а го спроведува МЦМС со партнерите со цел да се поддржи пристапот на жените погодени од конфликтот до пазарот на трудот.